# СКОПЈЕ

БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК

ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО НА ГРАД СКОПЈЕ

Број 6 Година II 23.07.2009






# СТО ДЕНА ЗА СКОПЈЕ



# „СКОПЈЕ“

ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО НА ГРАД СКОПЈЕ

Првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ“ излезе на: 10 декември 2008

Излегува секоја трета среда во месецот

**Главен и одговорен уредник**
Неделчо Крстевски

**Заменик уредник**
Љупчо Пандиловски

**Редакција**
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

**Уредник на фотографија**
Радомир Јовановиќ-Рацо

**Лектор**
Лидија Антоновска

**ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ**
**за издавачот**
**Градоначалник**
**Коце Трајановски**
Булевар Илинден 66

**Телефони**
02 3297 255
02 3297 265

**меил-адреса**
mediumi@skopje.gov.mk
gragjani@skopje.gov.mk

**Дизајн**
Европа 92 - Кочани




***Почитувани сограѓани,***

Поминаа 100 дена од моето преземање на градоначалничката функција во Градот Скопје, период во кој транспарентно и посветено како тим работевме за развојот на демократијата на локално ниво, со цел подобар живот на нашите сограѓани. Првите сто дена се слика на она што ќе се случува и до крајот на мојот мандат.

Во изминативе три месеци успеавме да ја одржиме финансиската стабилност на Градот Скопје што е од исклучително значење за непречено функционирање на Градот. Одржувањето на комуналната хигиена и растоварувањето на сообраќајниот метеж беа и ќе останат наши приоритети. Веднаш се организиравме да го исчистиме градот и да го подигнеме нивото на хигиена во сите скопски општини. Во соработка со јавните градски претпријатија и десетте скопски општини успешно ја спроведовме акцијата „Заедно за чисто и зелено Скопје“. Оваа акција покажа дека работите тимски поуспешно се извршуваат. Ги исчистивме дивите депонии и запуштените површини во сите општини на подрачјето на Скопје и ги откривме црните точки коишто во наредниот период ќе станат дел од нашата работна програма, за да ги облагородиме и да ги направиме достапни за граѓаните.

Градот Скопје во соработка со Министерството за транспорт и врски веќе распиша тендер за проект и избра проектантска куќа која ќе ја изработи сообраќајна студија за Скопје. Таа студија ќе ги даде насоките во кои треба да се движиме за најефикасно да ги решиме тесните сообраќајни грла. Во таа насока, веќе го завршивме проектот за булеварот Македонска војска. Проектот за обнова на улицата Благоја Стефковски е во изработка и очекуваме да почне наесен.

Во Градот Скопје се изработува и проект за проширување на улицата Првомајска, од семафорите кај УСЈЕ кон населбата Драчево. Проектот ќе се реализира во две фази, од рампа до Расадник и од булеварот Србија до Драчево. Во исто време се работи на расчистување на имотно-правните односи на таа делница.

Проширувањето и доизградбата на булеварот Србија ги почнуваме кон крајот на овој месец. Со тоа ќе решиме голем дел од сообраќајните проблеми со коишто се соочуваат скопјани.

Решавање на проблемите од областа на урбанизмот се дел од приоритетите во нашата работа. Процедурата за изработка на нов Генерален урбанистички план на Град Скопје е во тек и тој треба да се изработи во период од 18 до 24 месеци. Почнавме и постапка за обезбедување урбанистичко-техничка документација за изградба на нови гробишта.

Во изминатиов период комплетно е искосена и собрана тревата во мајор коритото на реката Вардар на површина од 19.963 квадратни метри и довршена е ролерската патека во населбата Аеродром.

До крајот на ова лето, фекалната канализација од реката Вардар до Инџиково ќе се доизгради, со што ќе се реши долгогодишниот проблем на околу 30.000 жители.

Во изминативе три месеци се заложивме Скопје вистински културно да заживее. Под мотото „Види музика, слушни слика, добиј книга“ минатиот месец се одржа традиционалниот мултимедијален концерт на Македонската филхармонија, а на посетителите им беа поделени 20.000 бесплатни примероци од делото „Новела за сонот“ од Артур Шницлер. Продолжува заложбата на Градот Скопје за ревитализација на Старата скопска чаршија и за привлекување на граѓаните и на туристите да ја посетат. За таа намена во градскиот буџет има одвоено 1,8 милиони денари.

Од вкупно 90 проекти кои во мојата изборна програма ги предвидовме за 2009 година и за континуирана реализација до крајот на мојот мандат како градоначалник на Градот Скопје, во првите сто дена се почнати 70% од проектите. Таа програма никогаш нема да биде само парче хартија.

Ние сме свесни дека само добро испланирани и уредени општини можат да го олеснат секојдневното живеење на нашите граѓани, но свесни сме и дека пред нас претстојат многу проблеми што мораме да ги решиме. Подготвени сме да одговориме на сите предизвици коишто стојат пред нас.

Во овие сто дена докажавме дека може да се вети и да се оствари ветеното. Тоа ќе биде наша водилка и во иднина.

*Со почит,*
*Коце Трајановски*



# СТО ДЕНА ЗА СКОПЈЕ

*Градоначалникот Коце Трајановски, со преземањето на функцијата на 13 април оваа година, отвори широк фронт, заедно со градските советници, Владата на Р.Македонија, општините, градската администрација и со граѓаните на Град Скопје за реализација на програмата ЗА СКОПЈЕ: Во изминатите 100 дена , почнати се подготовките, постапките и реализацијата на 70 проценти од програмата, предвидени за 2009 година и проекти кои континуирано ќе се реализираат во наредните четири години.*

### ПРОЕКТ: СКОПЈЕ - НОВИ СООБРАЌАЈНИ РЕШЕНИЈА

Градот Скопје во соработка со Министерството за транспорт и врски распиша тендер и ја избра проектантска куќа ИДОМ од Билбао-Шпанија да изработи сообраќајна студија за Скопје.

### ПРОЕКТ: ИЗМЕНА НА ГУП ЗА СКОПЈЕ

Почна процедурата за изработка на нов Генерален урбанистички план на Град Скопје. Постапката за негова изработка треба да заврши во период од 18 до 24 месеци.

### ПРОЕКТИ: ОНЛАЈН-ДОСТАПНОСТ НА УСЛУГИТЕ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ, ПРОЕКТ: ДИГИТАЛНИ СЕРТИФИКАТИ ЗА Е-УСЛУГИ , ПРОЕКТ: ПЛАНИРАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И КОНТРОЛА НА БУЏЕТОТ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ, ПРОЕКТ: Е-СОВЕТ – ВТОРА ФАЗА

Одвоени се средства за проектите и почнати се подготовки за нивна реализација.

### ПРОЕКТ: НОВА ЛОКАЦИЈА ЗА ГРОБИШТА ВО СКОПЈЕ

Почната е постапка за обезбедување на урбанистичко-техничка документација за изградба на нови гробишта.

### ПРОЕКТ: УРЕДУВАЊЕ НА РЕЧНИ КОРИТА

Комплетно е искосена и собрана тревата во мајор коритото на реката Вардар на површина од 19 963 м2, доврршена е ролерската патека во населба Аеродром со рамнење на теренот и формирање земјени банкини во должина од 1 792 м.

### ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ЖИЧАРНИЦА ДО ВРВОТ НА ВОДНО

Градот Скопје во соработка со Министерството за транспорт и врски ја почна постапката за реализирање на овој проект - во тек е јавниот повик за учество во јавната набавка за проект на кабинска еднојажна жичарница за превоз на лица со кружен тек на траса Скопје – Водно.

### ПРОЕКТ: ЧИСТО СКОПЈЕ

Од 11 мај до 18. јуни беше реализирана прва акцијата "Заедно за чисто и зелено Скопје. Резултатите се импозантни, ова е само почеток на континуирана активност, којаштo во наредните четири години треба во целост да го оправда мотото.

### ПРОЕКТ: КУПУВАЊЕ НОВИ КОНТЕЈНЕРИ И КАНТИ ЗА ОТПАДОЦИ

Во соработка со Владата на РМ, досега се поставени 600 нови садови за смет (контејнери), а се очекува пристигнувањето на уште 714 садови за смет. Дополнително, поставени се 150 корпи за отпадоци во Градскиот парк.

### ПРОЕКТ: ПОДОБРУВАЊЕ НА ПАТНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ

Завршен е проектот за булеварот Македонска војска.

Се изработува проект за улица Благоја Стефковски.

Почната е подготовка на јавна набавка на проект за спојување на бул. Христијан Тодоровски Карпош со обиколницата.

### ПРОЕКТ: ПРОШИРУВАЊЕ НА БУЛ. ПРВОМАЈСКА ОД СЕМАФОРИТЕ КАЈ УСЈЕ КОН НАСЕЛБАТА ДРАЧЕВО

Во тек е изработка на проект во две фази, од рампа до Расадник и од булевар Србија до Драчево, а паралелно се работи на расчистување на имотно-правните односи.

### ПРОЕКТ: ПРОШИРУВАЊЕ НА БУЛ. ИЛИНДЕН ОД ФОНТАНА "ЛОТОСОВ ЦВЕТ" КОН КАРПОШ И ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Се работи на решавање на имотно-правните односи.

### ПРОЕКТ: ПРОШИРУВАЊЕ И ДОИЗГРАДБА НА БУЛ. СРБИЈА

Деновиве почнува реализацијата на проектот.

### ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА БУЛ. МИТРОПОЛИТ ТЕОДОСИЈ ГОЛОГАНОВ

Завршен е идејниот проект, во моментов се изработува програма за реализација.

### ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКИ МОСТ И ПАРКИНГ

Се изработува проект и се комплетира техничката документација за да може да се направи јавен архитектонски конкурс.

### ПРОЕКТ: ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ИЗГРАДБАТА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈАТА ОД РЕКАТА ВАРДАР ДО ИНЏИКОВО

До крајот на летово фекалната канализација од реката Вардар до Инџиково ќе биде завршена, со што ќе се реши долго годишниот проблем на околу 30.000 жители.

### ПРОЕКТ: БИЕНАЛЕ НА МЛАДИ УМЕТНИЦИ ОД ЕВРОПА И МЕДИТЕРАНОТ

Во тек се активностите за подготовка на Биеналето, финансиска поддршка, вклучување на три градски јавни институции од областа на културата и на јавните претпријатија.

### ПРОЕКТ: МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР

За реализација на реконструкцијата на МКЦ е изработена проектна документација и треба да почнат подготовките за реализација.

### ПРОЕКТ: ЗА УБАВОТО (Слушни музика, види слика, добиј книга)

Под мотото „Види музика, слушни слика, добиј книга", на 18 јуни се одржа традиционалниот мултимедијален концерт на Македонската филхармонија именувана како „А сега - уметност", а на присутните им беа поделени 20. 000 примероци од делото „Новела за сонот" од Артур Шницлер.











### ПРОЕКТ: РЕВИТАЛИЗАЦИЈА И ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА СТАРАТА СКОПСКА ЧАРШИЈА КАКО ТУРИСТИЧКА АТРАКЦИЈА

Од буџетот на Град Скопје за оваа намена издвоени се 1,8 милиони денари.

### ПРОЕКТ: УРЕДУВАЊЕ НА МАТКА И РАЗВОЈ НА ЕКОТУРИЗАМ

Направени се проекти за патеките од пештерата Врело до Крштелна и Убава, како и патека од Св. Андреа до манастирот Св. Недела, уредување на пештерата Врело и проект за поставување заштитна ограда од клинот до Висок рид 4 км (пештерата , извор Врело). Проект за висечки мост, трите паркиралишта и пророднонаучен музеј.

### ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА СРЕДНО УЧИЛИШТЕ ВО ОПШТИНАТА ШУТО ОРИЗАРИ

На седницата на Советот на Град Скопје е изгласан Предлог-заклучокот за давање поддршка-согласност за изградба на објект средно училиште на ул. Че Гевара и ул. Вашингтонска.

### ПРОЕКТ: ВЕЛОСИПЕДСКИ МАРАТОН СКОПЈЕ

Подготовки за одржување на првата ноќна велосипедска трка, по повод 13 Ноември.

### ПРОЕКТ: СРЕДНОШКОЛСКИ ЛИГИ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ

Основано е здружението на граѓани "Сојуз на училишен спорт на средни училишта на Скопје", во коешто учествуваат сите професори по физичка култура од средните училишта на територијата на Скопје, директори на средните училишта и други спортски работници. Ова здружение ќе ги формира средношколските лиги, а натпреварувањата треба да почнат во октомври 2009 год.

### ПРОЕКТ: ПРОГРАМА ЗА ПРОМОЦИЈА НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ И ЛИЧНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Иницирани се средните училишта да достават предлози за одбележување значајни настани и личности, а и Секторот за образование ќе се произнесе со свои предлози.

### ПРОЕКТ : СПРЕЧУВАЊЕ НА НАСИЛСТВО И УНАПРЕДУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА ВО УЧИЛИШТАТА

Подготовки за реализација на проектот во текот на учебна 2009/2010 год.

### ПРОЕКТ: СРЕДНОШКОЛЦИТЕ ВО УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Подготовки за реализација на проектот во текот на учебна 2009/2010 год.

### ПРОЕКТ ИЗГРАДБА НА ФИСКУЛТУРНА СПОРТСКА САЛА ВО РАМКИ НА СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ "ЗЕФ ЉУШ МАРКУ"

Во тек се последните подготовки за изградба на фискултурна спортска сала во средното училиште на Град Скопје "Зеф Љуш Марку". Во соработка со Влада на Р. Македонија, ќе се изгради сала со површина од 1300 квадратни метри.

### ПРОЕКТ: ИСТРАЖУВАЧКИ СТУДИИ ЗА СПЕЦИЈАЛНИТЕ ПОТРЕБИ НА УЧЕНИЦИТЕ-

Во месец септември , ќе се спроведе постапка за набавка на студиите.

### ПРОЕКТ АКТИВНОСТИ ОД МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

(соработка на учениците од скопските средни училишта со средношколците од РУБЕ, ФРАНЦИЈА и ТЕМПИ,САД)

### ПРОЕКТ: АНГАЖИРАЊЕ НОВИ ПОЖАРНИКАРИ

До крајот на годинава во Противпожарната бригада на Град Скопје, ќе се вработат 25 пожарникари.

### ПРОЕКТ: ИЗРАБОТКА НА ПРОСТОРЕН ПЛАН ЗА СКОПСКИ РЕГИОН

Назначени се претставници од Градот Скопје кои ке бидат вклучени во изработката на просторниот план.

### ПРОЕКТ: РЕНОВИРАЊЕ ФАСАДИ ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ

Се проверува статусот на објектите во однос на степенот на заштита за да може да се пристапи кон изработка на конзерваторско - реставраторски проект.

### ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ ОД ДВЕТЕ СТРАНИ НА ВАРДАР

Во континуитет се работи на доврушување на почнатите и паралелно се дадени базаља за јавни набавки на проекти за изработка на нови (н. Аеродром и н. Ѓорче Петров).

### ПРОЕКТ: ПРИСПОСОБУВАЊЕ НА ПЕШАЧКИТЕ ПАТЕКИ НА ВАРДАР ЗА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

Почната е тендерска постапка за избор на проект за изработка на пристапни патеки.

### ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ПОДЗЕМНИ ПРЕМИНИ

Во фаза е испитување на постојната подземна инфраструктура на дадените траси (до сега се добиени податоци од Водовод и Гама). Предвидени се подземни премини на следните локации: булевар Македонија, булевар Партизански одреди (кај Архитектонски факултет), бул. Партизански одреди (до ТЦ Карпош 3), бул. Крсте Мисирков (кај Битпазар), бул. А. Македонски (кај Алкалоид), бул. Јане Сандански (кај ТЦ Бисер). По евалуацијата на подземната инфраструктура ќе се пристапи кон изработа на идејни решенија.

### ПРОЕКТ: БУЛЕВАР МАКЕДОНИЈА-ПОДЗЕМНА СООБРАЌАЈНИЦА (зад Рамстор)

Почната е постапката Општина Центар да ја постави техничко-документационата основа за реализација на проектот подземна сообраќајница на булеварот Македонија.

### ПРОЕКТ: НОВ ПЕШАЧКИ МОСТ (кај ГТЦ)

Се изготвува програма и се комплетира техничката документација за да може да се направи јавен анонимен архитектонски конкурс.

### ПРОЕКТ: ФЕКАЛЕН КОЛЕКТОР ОД НОВО ЛИСИЧЕ

Распишан е тендер за изградба на проект за фекалниот колектор. Набргу ќе започне реализацијата на истиот.

### ПРОЕКТ: ПУШТАЊЕ ВО УПОТРЕБА НА ВОДОВОД ВО ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

Пуштен е во употреба водовод во Општина Шуто Оризари, со што се решава проблемот со водоснабдувањето на голем број граѓани од оваа општина.

### ПРОЕКТ: ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

Завршена е постапка за избор на најповолен изведувач за изработка на студија за Енергетска ефикасност на подрачјето на Град Скопје за период од 5 години.

### ПРОЕКТ: РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Почна менувањето на 3100 светилки за јавно осветлување со кои ќе се обезбеди намалување на потрошената електрична енергија за 35%.

### ПРОЕКТ: НУМЕРАЦИЈА НА СТОЛБОВИ ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Со ребалансот на буџетот предвидени се средства за нумерирање на сите столбови за јавно осветлување во надлежност на Град Скопје.







## ПРОЕКТ:ИЗГРАДБА НА НОВО ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Во завршна фаза е изградбата на јавно осветлување на бул. Видое Смилевски Бато и на новопроектираните улици во населбата Јурија. Поднесено е барање за јавна набавка на проект за изградба на јавно осветлување на крстосница Тутунски комбинат, пристап на улица на објект на улица Салвадор Аљенде и на улица Маџари, во тек е изработка на проекти за изградба на јавно осветлување на булевар Србија и улица Прво-мајска.

## ПРОЕКТ: ЧИСТЕЊЕ ДИВИ ДЕПОНИИ

Машински се исчистени 200 m$^3$ градежен шут и смет под Транспортниот центар и 1500 m$^3$ во градските општини.

## ПРОЕКТ: УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Завршена е постапка за избор на најповолен изведувач за изработка на студија за План за управување со отпад на подрачјето на Град Скопје за период од 4 години.

## ПРОЕКТ: НАБАВКА НА ПЕТ ВОЗИЛА И МАШИНИ ЗА ЈП „ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО"

Отворени се понудите, претстои бодирање и избор на најповолни понуди по што ке следува испорака на возилата

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЈАВНИ ТОАЛЕТИ (во соработка со Министерството за транспорт)

Почната е постапка за јавна набавка за избор на најповолен изведувач на работите за изградба на тоалети во вториот дел на Градскиот парк и реконструкција на постојните тоалети во првиот дел на паркот и под мост Гоце Делчев.

## ПРОЕКТ: ЗГРИЖУВАЊЕ НА УЛИЧНИ КУЧИЊА

Набавена е нова опрема за заловување и хуман третман на кучиња скитници, а се спроведува и постапка за набавка на возила за нивен транспорт.

## ПРОЕКТ: ЛИЦЕНЦИРАЊЕ НА ПРЕВОЗНИЦИТЕ ВО ГРАДСКИОТ СООБРАЌАЈ

Во тек е подготовка на конкурс за добивање линии на јавен градски превоз за територијата на Град Скопје.

## ПРОЕКТ: ПОДОБРУВАЊЕ И ПРОШИРУВАЊЕ НА ВЕЛОСИПЕДСКИ ПАТЕКИ ВО ГРАД СКОПЈЕ

Завршена велосипедска патека на потегот од булевар Србија до Транспортен центар, во тек е поставување паркинзи за велосипеди во ЦГП, воведување на систем за изнајмување (rent-a-bike). Потпишан е договор за NICHE+ проектот со ЕУ во којшто ќе се работи на полето на иновативни објекти за велосипеди во интермодалните транспортни центри.

## ПРОЕКТ: СТРЕИ ЗА ЈАВНИТЕ АВТОБУСКИ ПОСТОЈКИ

Во тек е постапка за јавна набавка на елаборат за утврдување на микролокации на автобуски станици и информативни табли за информирање на патниците.

## ПРОЕКТ: ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИ БРАНОВИ НА НАЈФРЕКФЕНТНИТЕ СООБРАЌАЈНИЦИ ВО ГРАДОТ

Во тек е воспоставување зелен бран на булевар Гоце Делчев на потегот од Скопски саем до крстосницата кај МНТ.

## ПРОЕКТ: КОМПЈУТЕРИЗАЦИЈА НА СЕМАФОРИТЕ СО ВИДЕОНАДЗОР И ПАТНА СИГНАЛИЗАЦИЈА

Во тек е постапка за објава на тендер за: RSU интелегентни екстерни уреди за контролерите, за изработка на проект и инсталација на оптички кабел и за снимање на сообраќајот во ЦГП на Скопје.

## ПРОЕКТ: ПОСТАВУВАЊЕ ВЕРТИКАЛНА СИГНАЛИЗАЦИЈА

Во тек е подготовка на тендерска документација за поставување патоказни табли и туристичка сигнализација во Скопје.

## ПРОЕКТ: ПРОДОЛЖУВАЊЕ СО ЗОНСКОТО ПАРКИРАЊЕ

Проктот е целосно завршен и набргу треба да почне неговата имплементација.

## ПРОЕКТ: АКТИВНОСТИ ВО ОБЛАСТА НА МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА

Активности на Градот Скопје во меѓународни организации, асоцијации и мрежи на градови.

PHILIA - Асоцијацијата на мултиетнички градови - годишната конференција - Организирање присуство на конференцијата што се одржа во Сараево во период 3-5.07.2009 година.

Унијата на главните градови на Центрлна и Југоисточна Европа - годишна конференција - Организирање присуство на конференцијата којашто треба да се одржи во Виена во период 11 - 13.11.2009 година.

Активности на Градот Скопје со збратимените градови.

Маниса - Месир фестивал што се одржа на крајот на април 2009 година - Учество на Град Скопје со богата културно уметничка програма.

Љубљана: официјална посета на делегација од Скопје предводена од градоначалникот Коце Трајаниовски на градот Љубљана.

Нирнберг – Германија, изложба и студиски престој на уметници - престој на уметничката Урсула Јунгс во траење од 1 месец, ликовна изложба на уметници од Нирнберг којашто е отворена на денот на отворањето на манифестацијата “Скопско лето”.

Темпи, Аризона(САД): средношколска размена на ученици - Престој на четири ученици од овој збратимен град во Скопје во период од пет недели во семејства на средношколци, по што ќе следува престој на скопските средношколци во Аризона.

## ПРОЕКТ: СОРАБОТКА СО ЦИВИЛЕН СЕКТОР

Посебен фонд за финансирање проекти на НВО.

Јавен повик за финансирање проекти и активности на здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на Град Скопје за 2009 год. - Во тек е постапката за објавување.

Формирање НВО-Центар - Дефинирање на просторот и локацијата на НВО –центарот (Избран е соодветен простор и локација на НВО –центарот во слободни простории на МКЦ). - Се планира просторот да биде реконструиран до крајот на септември 2009 год.

Форум на НВО на Град Скопје - Дефиниран Акциски план за 2009 год. - Рекомпониран состав со нови членови од Комисијата за соработка со општините и НВО на Советот на Град Скопје.

Европски проекти во кои Градот Скопје е партнер.

RENAISSANCE - Примена на современ концепт за урбан развој во областа на сообраќајот. - Проект финансиран од ЕУ во рамки на 7-ма рамковна програма.

NICHE+ - Проект финансиран од ЕУ во рамки на 7-ма рамковна програма , со цел промоција на иновативни мерки за поефикасен и одржлив урбан транспорт во градовите (Потпишан договор за учество во проектот и почната реализација).

“Зајакнување на капацитетите за ефикасно управување со енергијата во градовите” - Регионален проект во кој се вклучени и градовите Загреб, Сараево и Подгорица, финансиран од ГТЗ преку Отворениот регионален фонд – Енергетска ефикасност во Југоисточна Европа (Потпишан договор за учество во проектот и почната реализација).

***Ова се дел од проектите коишто се почнати во првите 100 дена, а преостанатите што не се на овој список се во градскиот информативен гласник, како фото-стории.***



# ГОЛЕМ УСПЕХ НА АКЦИЈАТА „ЗАЕДНО ЗА ЧИСТО И ЗЕЛЕНО СКОПЈЕ“

Големата акција за чистење на Скопје под мотото „Заедно за чисто и зелено Скопје“ беше реализирана со голем успех. Акцијата, иницирана од градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, беше спроведена во соработка со десетте скопски општини. Екипите на јавните градски претпријатија „Комунална хигиена“, „Паркови и зеленило“, „Водовод и канализација“ и „Улици и патишта“ беа мобилизирани и максимално ангажирани во чистењето на Скопје.

*- Наша цел е да го исчистиме Скопје, но и да ја подигнеме свеста на граѓаните да ја чуваат и да се грижат за средината во којашто живеат. Нашата намера е граѓаните да ја почувствуваат оваа акција како своја и активно да придонесат за почиста и поздрава животна средина – истакна градоначалникот Трајановски, на почетокот на акцијата.*

За време на акцијата којашто траеше од 11.05 до 18.06.2009 година, на подрачјето на десетте скопски општини се косеше тревата, се кастреа крошните на дрвјата, се сечеа сувите дрвја, се расчистуваа диви депонии, се метеа и миеја улиците и се чистеа сливниците.

**Во акцијата, по општини беа собрани следните количества отпад:,**

### Општина Гази Баба:

- Собрани 178 кубни метри комунален отпад;
- Искосена тревна површина од 60.000 квадратни метри;
- Рачно и машински изметени и измиени 26 улици;
- Подигнати отпадни материјали од домаќинствата со зафатнина од 28 кубни метри;
- Исечени и искроени околу 20 дрвја;

### Општина Центар:

- Собрани 64 кубни метри комунален отпад;
- Искосена трева на површина од 74.700 квадратни метри, а на површина од 200 квадрати засадено е свежо цвеќе;
- Подигнати отпадни материјали од домаќинствата со зафатнина од 12 кубни метри;
- Поставени 26 нови контејнери;
- Исечени 19, а искроени 6 дрвја.

### Општина Чаир:

- Собрани 156 кубни метри комунален отпад;
- Искосена трева на површина од 47.629 квадратни метри;
- Рачно и машински изметени и измиени градските улици;
- Рачно исчистени сливниците на 6 улици, како и шахтите на 3 улици со цистерна под вакуум;



- Поставени 28 нови контејнери;
- Искроени 25, а исечени 4 дрвја.,

## Општина Ѓорче Петров:

- Собрани вкупно 163 кубни метри комунален отпад;
- Искосена е трева на површина од 44.000 квадратни метри.
- Исчистени сливници на 14 улици, а фонтаната во паркот „Ѓорче Петров" одзатната со сајла;
- Рачно и машински изметени и измиени повеќе улици на подрачјето на општината;
- Поставен е 41 нов контејнер;
- Искроени 80, а исечени 14 дрвја.

## Општина Аеродром

- Собрани 172 кубни метри комунален отпад;
- Искосена трева на површина од 92.000 квадратни метри;
- Рачно и машински измиени и изметени повеќе улици на подрачјето на општината;
- Исчистени сливниците, рачно и со цистерни под притисок;
- Поставени 40 нови контејнери;
- Искроени се 90 дрвја, а исечени 31.

## Општина Бутел

- Собрани 113 кубни метри комунален отпад;
- Искосена трева на површина од 57.000 квадратни метри;
- Исчистени шахтите на 9 улици, направена проверка и чистење на фекалната и атмосферската канализација на 2 улици;
- Рачно и машински изметени и измиени повеќе улици на подрачјето на општината;
- Поставени 33 нови контејнери;
- Искроени 52, а исечени се 8 дрвја.

## Општина Карпош

- Собрани 202 кубни метри комунален отпад;
- Искосена е трева на површина од 52.600 квадратни метри;
- Исчистени шахтите и сливниците на 11 улици;
- Чистење и миење на атмосферската канализација на 17 улици во општината;
- Поставени 46 нови контејнери;
- Искроени 32, а исечени 7 дрвја.

## Општина Сарај

- Собрани 165 кубни метри комунален отпад;
- Рачно и машински изметени и измиени повеќе улици на подрачјето на општината;
- Искосена тревна површина од 51.000 квадратен метар;
- Искроени 15 дрвја;

## Општина Кисела Вода

- Собрани 50 кубни метри комунален отпад;
- Искосена тревна површина од 42.000 квадратни метри;
- Рачно и машински изметени и измиени повеќе улици на подрачјето на општината;
- Атмосферската и фекалната канализација исчистена на 7 улици, а сливниците исчистени со цистерна под вакуум на 9 улици;
- Поставени 10 нови контејнери;
- Искроени 58, а исечени 6 дрвја;



## Општина Шуто Оризари,

- Собрани 341 кубен метар комунален отпад;
- Поставени 35 нови контејнери;
- Искосена вкупна тревна површина од 20.000 квадратни метри;
- Рачно исчистена канализациската мрежа на 9 улици, а на четири улици мрежата отзатната со цистерна под притисок;
- Поставени 35 нови контејнери;
- Искроени се 4 дрвја;



# ГРАДОНАЧАЛНИКОТ **ТРАЈАНОВСКИ НА СРЕДБИ СО ГРАЃАНИТЕ**







Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски во периодот од 22 јуни до 03 јули 2009 години ги посети 10-те скопски општини каде што оствари средби со претставници од месните заедници со цел да се запознае со проблемите на граѓаните. На состаноците во општините присуствуваа и директорите на јавните градски претпријатија, како и претставници од градската администрација.

Градоначалникот Трајановски истакна дека целта на овие средби е да се зголеми соработката меѓу месните заедници, градските власти и јавните претпријатија преку воспоставување нов систем на работа за решавање на проблемите со коишто се соочуваат.

На овие средби, претседателите на месните заедници ги запознаа претставниците на градската администрација и јавните претпријатија со проблемите со коишто се соочуваат во нивното секојдневие и дадоа предлози како да се надминат истите.

Градоначалникот Трајановски, претставниците на јавните претпријатија и градската администрација ветија дека во наредниот период ќе ги зголемат напорите за решавање на проблемите на граѓаните.









# НОВ ЛИК НА ГРАДСКИОТ ПАРК







- Поставени 100 нови корпи за отпадоци во првиот дел на Градскиот парк и 50 корпи за отпадоци во вториот дел на паркот;
- Реконструкција на клупите во првиот и во вториот дел од Градскиот парк и нивно бојадисување;
- Исечени се старите и суви дрвја коишто ја загрозуваа безбедноста на минувачите;
- Сечење гранки и кроење крошни на дрвјата;
- Нови цветни бордури, насади од рози и друго сезонско цвеќе;
- Поставени столпчиња и рампи за да се забрани влезот на возила во Градскиот парк;
- Поставена бела ризла во првиот дел на Градскиот парк;
- Чистење на езерцата во првиот и вториот дел на Градскиот парк.







# ГОЛЕМО ЧИСТЕЊЕ НА КОРИТОТО НА ВАРДАР



Големата акција за чистење на коритото на реката Вардар, која заеднички ја спроведуваат Градот Скопје, Министерството за транспорт и врски и скопските општини започна на 1 јули 2009 година со расчистување на коритото кај мостот во Сарај. Акцијата за чистење ќе трае до август, а по потреба ќе се продолжи и во наредниот период. Екипите на Градот Скопје максимално се ангажирани во чистењето на минор и мајор коритото на реката Вардар.





## КОЛЕКТОР КАЈ КЛУЧКАТА „КОНТИНЕНТАЛ"



Екипи на Градот Скопје го почнаа проширувањето на колекторскиот систем за атмосферски води за клучката кај хотелот „Континентал", откако беше утврдено дека постојниот атмосферски колектор е со мал капацитет за собирање поголемо количество вода. Реконструкцијата на системот се спроведува во фази, а веќе е поставен дополнителен атмосферски колектор со пречник од 600 милиметри во делот кај хотелот „Континентал".



# НОЌНО БЕЛЕЖЕЊЕ НА ГРАДСКИТЕ УЛИЦИ



Градот Скопје за првпат почна со ноќно бележење на хоризонталната сигнализација на градските улици и булевари. Екипите на Градот Скопје изминатиот период ги бележеа сообраќајниците во централното градско подрачје и тоа во периодот од 22 часот до 05 часот наутро, поради намалената фреквенција во сообраќајот. Улиците и булеварите се бележеа рачно и машински со бела боја.





# 330 СЕЗОНСКИ **РАБОТНИЦИ**

*Триста и триесет работници ангажирани од Град Скопје преку проектот на Владата на Република Македонија за привремено вработување невработени лица за извршување јавни работи се вклучија во одржувањето на зелените површини и на хигиената во градот.*

Во насока на подобрување на комуналната хигиена и јавната чистота, Градот Скопје постави 460 нови контејнери за смет низ скопските општини. Новите контејнери се донација од Владата на Република Македонија реализирана преку Министерството за животната средина и просторно планирање.

Градот со овој проект ќе добие вкупно **1314** котејнери за смет коишто ќе бидат распоредени низ скопските општини.



*Нови контејнери за Скопје*

# ЛЕТО БЕЗ **ПОЖАРИ**



*Градот Скопје и Министерството за внатрешни работи почнаа заеднички проект за заштита на зеленилото од пожари насловен како “ЛЕТО БЕЗ ПОЖАРИ”.*

*Проектот е насочен кон подигнување на свеста на граѓаните за превенција и за начините за справување со шумските пожари што се почести во летниот период.*





Градоначалникот Коце Трајановски, заедно со градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски, го пуштија во употреба терминалот на ЈСП за линиите 5 и 15, во н. Ново Лисиче.

- Со овој проект ќе се овозможи непречен пристап до улицата а актуелната последна станица на линиите 5 и 15 , ќе се префрли на терминалот, со што се решава долгогодишниот проблем на граѓаните од оваа населба - рече градоначалникот Трајановски на пуштањето во употреба на терминалот во н. Ново Лисиче.



**Асфалтиран булеварот Гоце Делчев во делот пред Македонската телевизија.**



*Град Скопје и ЈП „Комунална Хигиена“, за да ја подобрат ефикасноста на селекцијата на отпадот, набавија половна хидраулична преса, со која ќе се врши балирањето на собраната пластика. Современата преса е со поголем капацитет и пософистицирана технологија од сегашната преса во рециклажниот двор.*



Во рамките на активностите за освежување и уредување на јавните површини, екипите на Град Скопје ги бојадисаа оградите на мостот Гоце Делчев, а претходно беа бојадисани и оградите на мостовите кај Народна Банка и кај хотелот Холидеј Ин.



Поставени се нови хидранти на повеќе локации низ градот за да се обезбедат повисоки стандарди и поголема мобилност на екипите на Противпожарната бригада на Скопје.



Во акција организирана од Град Скопје е расчистен просторот под Железничката станица кон реката Вардар од шутот и од дивите депонии, а расчистено е и картон-маалото.

Екипите на Град Скопје со механизација подигнаа смет, шут и други материјали со зафатнина од 166 кубни метри.

*Поставени се 38 нови семафорски одбројувачи на повеќе локации на булеварот Партизански одреди.*






Екипите на Градот Скопје го реновираа постојниот видиковец во СРЦ „Езеро Треска“ и изградија уште еден, нов видиковец.

Во тревниците се поставени 15 маси со 30 клупи за седење, а уште 15 клупи се поставени крај патеката околу езерото.

Во СРЦ „Езеро Треска“ се реновираа и санитарните јазли, се изврши поправка на електричната инсталација, а се поставија и бојлери и туш батерии.



*Изградба на фекална канализација од Инџиково до реката Вардар, во Општина Гази Баба. Овој проект Град Скопје го спроведува во соработка со Владата на Република Македонија. Со реализацијата на овој проект ќе се реши проблемот со фекалната и делумно со атмосферската канализација за околу 40.000 граѓани од повеќе населени места во Општина Гази Баба, како Синѓелиќ, Чento, Хиподром, Маџари и Инџиково.*



***Екипи на Град Скопје во текот на изминатите две недели сменија 1.340 светилки на 26 сообраќајници.***

***Со проектот се предвидува смена на над 3.000 светилки на 60 сообраќајници, при што ќе се обезбеди поквалитетно осветлување и заштеда на електрична енергија од околу 30%.***



Во рамките на активностите предвидени во програмата на градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, за уредување на парк-шумата Водно, во изминатите месец и половина екипи на Град Скопје извршија целосна реконструкција на двата видиковци на падините на Водно.

Реконструкцијата на двата видиковци опфати: обновување на потпорните ѕидови; обновување на пешачките патеки; уредување на зеленилото; кастрење и отстранување на диво израснатото зеленило; поставени се 4 клупи, 2 маси и 24 корпи за отпадоци на горниот видиковец и 3 корпи за отпадоци на долниот видиковец; бојадисување и исправање на оградите; бојадисување на металната тригонометриска кула; хоризонтална и вертикална сигнализација; и поставување информативни табли.

Двата видиковци на падините на Водно, изградени во 1969 година, долго време беа во руинирана и запуштена состојба. Изминатите неколку години и пристапот на граѓаните до нив беше оневозможен, а горниот видиковец беше затворен со банкина.

Со реконструкцијата, двата видиковци повторно ќе бидат достапни за граѓаните и ќе им овозможат уште еден простор за рекреација со панорамско разгледување на Скопје.





Набавена нова опрема за заловување на бездомните кучиња во стационарот Вардариште. Набавени се 10 нови кафези што ќе се користат при заловувањето и транспортот на кучињата, 10 нови јамки за заловување, 3 силиконски јамки за заловување, 3 мрежи со обрач и 3 мрежи со рачки. Оваа опрема ќе ја замени старата која веќе е амортизирана и помалку ефикасна. Вработените во стационарот добија и посебна обука за ракување со оваа опрема.



## УЛИЧНИ СВИРАЧИ И ТАНЧАРИ

Уличен танц, музицирање на отворено и пантомима – ова се само дел од забавните содржини во кои скопјани ќе уживаат во текот на летото на четири локации во центарот на градот. Претставите на отворено се дел од пилот проектот со наслов „Улични музичари и танчари – забавувачи“, кој ова лето го реализира Градот Скопје.





ОДРЖАНА МЕЃУНАРОДНАТА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА „СКОПЈЕ 2009“



## БАСКЕРФЕСТ 2009



*Акробати, магионичари, пантомимичари, жонглери, кловнови, музичари, изведувачи на куклени шоуа, од Македонија и од странство, ги забавуваа Скопјани во рамките на манифестацијата „БАСКЕРФЕСТ 2009“. Манифестацијата е под покровителство на Град Скопје, а во организација на Здружението на граѓани „ONE WAY“.*






*Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски свечено ја отвори манифестацијата „СКОПСКО ЛЕТО 2009“*



## ОСНОВАЧКО СОБРАНИЕ НА СОЈУЗОТ НА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА СРЕДНИ УЧИЛИШТА НА СКОПЈЕ

*По иницијатива на Град Скопје се одржа основачкото собрание на здружението на граѓани „Сојуз на училишен спорт на средни училишта на Скопје“, кое за цел ќе ја има популаризацијата на спортот кај младите, преку формирање на средношколски лиги во голем број спортови.*

*Промовиран „Туристичкиот водич СКОПЈЕ“. Содржините на водичот се распослани на 144 страници, збогатени со фотографии, текстови и карти.*

*Водичот е изработен на два јазика, на македонски и на англиски.*





Градоначалникот Коце Трајановски на средба со раководството на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Град Скопје потпиша Спогодба за соработка. Со спогодбата се конкретизираат прашања кои во наредниот период перманентно ќе се решаваат во интерес на оваа социјална група, но и во интерес на Градот Скопје.



На иницијатива на градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, и Сојузот на стопански комори, Регионалната комора со седиште во Скопје и Стопанската комора на Северо-Западна Македонија, на 23.06.2009 се одржа работилница на бизнис заедницата со општините во градот Скопје.

Главните теми на работилницата беа презентирањето на Деталните урбанистички планови на општините и потенцијалите за инвестирање, како и проблемите со кои се соочуваат стопанствениците во текот на работењето во делокругот на државната и локалната администрација, катастарот на недвижности.

***На втората седница на Советот на Град Скопје, одржана на 28.05.2009 година, се донесе одлука со која се формираа 21 комисија, како помошни тела за работа на Советот на Град Скопје.***



*Секој последен петок од месецот, градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, ќе одржува средби со граѓани на кои скопјани ќе може да разговараат со градоначалникот за проблемите од делокругот и работата на Град Скопје, а со кои тие секојдневно се соочуваат.*

*Оваа практика на одржување на отворен ден на Град Скопје почна со првата средба на граѓаните со градоначалникот Трајановски, која се одржа на 26.06.2009 година.*



Изминативе неколку месеци беа одржани три седници на Координативното тело на градоначалниците на скопските општини и на Градот Скопје. На седниците се дискутираше за важни проекти и иницијативи, како за одлуката за јавни работи на Владата на Република Македонија и нејзиниот ефект за општините на подрачјето на Градот Скопје и реализацијата и ефектите од акцијата “Заедно за чисто и зелено Скопје”.

